Врз основа на член 387, став 1 од Законот за трговските друштва и член 53 од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, а согласно со Одлуката на Управниот одбор за свикување на Годишно собрание на Друштвото бр. 02-1429/1 од 7.3.2025 година, Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, објавува:

ЈАВЕН ПОВИК
до акционерите на Друштвото за учество на Годишно собрание

I. ДАТУМ, ЧАС И МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ

Седницата на Собранието ќе се одржи на ден 16.4.2025 година (среда) со почеток во 10:00 часот во деловните простории на Друштвото (на IV кат во голема сала) на ул. „Козле“ бр. 188 Скопје.

II. ДНЕВЕН РЕД

За седницата се предлага следниот:

Дневен ред

1. **Процедурален дел:**
    1. Отворање на Собранието.
    2. Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери.
    3. Избор на претседавач на Собранието.
    4. Усвојување на дневниот ред.

2. **Работен дел:**

1. Разгледување и усвојување на годишни извешти за работата на Друштвото.
    - Предлог-одлука за одобрување и усвојување на годишни извештаи (единичен и консолидиран) за работата на РЕПЛЕК АД Скопје за 2024 година.

2. Разгледување и усвојување на Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и на финансиски извештаи на Друштвото за 2024 година (единични и консолидирани).
    - Предлог-одлука за одобрување и усвојување Годишна сметка и Финансиски извештај на Друштвото;
    - Предлог-одлука за одобрување и усвојување на Консолидирана годишна сметка и финансиски извештаи на Друштвото за 2024 година;
    - Предлог-одлука за одобрување на работата и за водење на работењето на Друштвото од страна на членовите на Управниот одбор на Друштвото во 2024 година.

3. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Друштвото за 2024 година, усвојување на извештајот и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор - одделно за секој член на органот.
    - Предлог-одлука за одобрување и усвојување на Годишниот извештај за работата на Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје за 2024 година;

- Предлог-одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор.

4. Разгледување на извештајот за извршената ревизија од овластениот ревизор и усвојување на истиот.
   - Предлог-одлука за усвојување на извештаите од овластениот ревизор;
   - Предлог-одлука за назначување овластен ревизор за 2025 година.

5. Донесување одлука за распределба на добивката по годишната сметка на Друштвото за 2024 година.
   - Предлог-одлука за распределба на добивката по годишната сметка на РЕПЛЕК АД Скопје за 2024 година;
   - Предлог-одлука за утврдување датуми при исплата на дивиденда за 2024 година (дивиденден календар).

6. Донесување одлука за стекнување на сопствени акции со откуп и за продажба (отуѓување) на сопствени акции.
   - Предлог-одлука за стекнување на сопствени акции со откуп;
   - Предлог-одлука за продажба (отуѓување) на сопствени акции по пат на јавна понуда.

Согласно со член 383 став 3 од ЗТД записникот ќе го води нотар.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно со Статутот и со Законот за трговските друштва.

I. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на седницата на Собранието има секој акционер на Друштвото, лично или преку овластен полномошник кој ќе го застапува со презентирање на полномошно во писмена форма, а согласно со одредбите од Законот за трговски друштва.

II. ПРИЈАВА НА УЧЕСТВО

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Друштвото, должен е да го пријави своето учество на Собранието најдоцна пред почетокот на седницата.
Пријавите за учество на Собранието се доставуваат до Друштвото на адреса:

Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје,
ул. „Козле“ бр. 188 Скопје
со назнака: Пријава за учество на Собрание

Образецот на пријавата е достапен за преземање од интернет-страницата на Друштвото.
Пријава – правно лице (линк)
Пријава - физичко лице (линк)

Пријавите може да се достават преку електронска пошта на електронската адреса на Друштвото: **akcioneri@replek.mk**, по препорачана пошта до архивата во седиштето на Друштвото, со назнака „за Собрание на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје“ или лично.

Воедно, Реплек АД Скопје ги повикува сите акционери да извршат ажурирање и проверка на податоците коишто за нив ги има во Друштвото (точна адреса, е-пошта, банкарска сметка и сл.) со цел ефикасно остварување на правата кои произлегуваат од нивната сопственост на акции во Реплек АД Скопје.

III. ПОЛНОМОШНИК

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седницата на Собранието на Друштвото што ќе учествува и ќе гласа на седницата на Собранието во негово име. Акционерот треба веднаш писмено да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма.
Полномошно известување – правно лице (линк)
Полномошно известување – физичко лице (линк)

Со писменото известување се доставува и предметното полномошно. Акционер кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета како да не го дал полномошното. Писменото известување се доставува до архивската служба на Друштвото, или на е- адресата **akcioneri@replek.mk**. Обрасците на полномошното и известувањето за даденото полномошно се достапни за преземање од интернет-страницата на Друштвото.
Полномошно – правно лице (линк)
Полномошно - физичко лице (линк)

Согласно со Законот за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерски друштва, полномошникот задолжително ја известува Комисијата за хартии од вредност за намерата и причините за давање на полномошната од повеќе акционери, во рок од пет работни дена пред одржување на Собранието на акционери.

IV. ВКЛУЧУВАЊЕ ТОЧКИ ВО ДНЕВНИОТ РЕД И ПРЕДЛАГАЊЕ ОДЛУКИ

Согласно со Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5 % од вкупниот број на акции со право на глас, можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување на нови точки, доставено во писмена форма до Управниот одбор на друштвото, со приложено образложение за предложената точка, како и да предложат усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на Собранието на Друштвото.
Барањето за вклучување точки во дневниот ред и/или предлагањето на одлуки акционерите може да го достават преку архивската служба на Друштвото во рок од 8 дена од денот на објавувањето на јавниот повик за одржување на седницата на Собранието.

V. ПОСТАВУВАЊЕ ПРАШАЊА

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките на дневниот ред. Одговорите на поставените прашања Друштвото ќе ги објави на својата интернет-страница согласно со одредбите од Законот за трговски друштва.

VI. МАТЕРИЈАЛИ

Материјалите кои ќе се разгледуваат на седницата на Собранието им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во деловните простории на Друштвото на ул. „Козле“ бр.188 Скопје, од 13:00 до14:00 часот и истите се објавени на официјалната интернет-страница на Друштвото.

VII. ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦА НА ДРУШТВОТО

Официјална интернет-страница на Друштвото е: www.replek.mk.

VIII. РЕГИСТРАЦИЈА ЗА УЧЕСТВО И ЛОГИСТИКА

Ги информираме сите акционери кои го пријавиле своето учество, да дојдат во просториите на Реплек АД еден час пред почетокот на седницата на Собранието, заради навремена регистрација. Регистрацијата на учесниците ќе започне во 9:00 часот и ќе се затвори во 9:50. По затворањето на регистрацискиот пулт, нема да биде дозволена регистрација на учесници, иако истите биле пријавени за учество.
Паркинг за учесниците на Собранието на акционери НЕ е обезбеден од страна на Друштвото и за возила не е дозволен влез во кругот на фабриката.

РЕПЛЕК АД СКОПЈЕ
УПРАВЕН ОДБОР